**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.12*2210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk  info@probistip.gov.mk*

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр.10–4/4  од 22.04.2024 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20 год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за спроведување на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, за ГП 02 на дел од КП 261/1 за КО Трооло, општина Пробиштип**

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавен увид по **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, за ГП 02 на дел од КП 261/1 за КО Трооло, општина Пробиштип,** изработен од страна на Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги **„СТАН АРТ” ДОО Куманово**, со **Тех.бр.56.01-09/23 од Декември 2023 година.**

Предметниот проектен опфат за горенаведениот урбанистички проект, се наоѓа надвор од градежен опфат, во општина Пробиштип. Локација се наоѓа на простор за кој не постои планска документација, до која се доаѓа преку постоен локален пат кој воедно е пристап до локации за село Трооло кое е во непосредна близина на предметната локација.

Планско-проектниот опфат е дефиниран со граница која започнува на :

- северозапад и запад со граница на остаток од истата КП 261/1, на
- североисточна граничи со КП 245/3, КП 252, КП 242, потоа оди на
- исток, југоисток со граница на остаток од истата КП 251, КП 252, КП 261/2, КП 788 и
- југзапад по граница на КП 794 кое воедно е и јавен пат кој служи за пристап

Површината на проектниот опфат изнесува П = **129.337,0 м2 или П=12.93 ха**, додека периметарот е со должина од Л=**2.273,37м**.

Група на класа на намена на проектниот опфат е: Е – **Инфраструктури**,
класа на намена:

- Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште).

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.12210 Пробиштип*
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

# ЈАВНИОТ УВИД

**на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, за ГП 02 на дел од КП 261/1 за КО Трооло, општина Пробиштип,** изработен од страна на Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги **„СТАН АРТ” ДОО Куманово**, со **Тех.бр.56.01-09/23 од Декември 2023 година.** ќе трае 15 (**петнаесет**) **дена** во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената *web* страна на општина Пробиштип *www.probistip.gov.mk*, во периодот од 23.04.2024 **год.** до 07.05.2024 **год.**, за кое време може да се достават евентуални забелешки, секој работен ден од 7.30 до 15.30 часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип.

**Со почит,**

Изготвил: Ј.Дукоска JORDANKA DUKOSKA Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA Date: 2024.04.23 09:00:02 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски
BRANKO STANOJKOVSKI Digitally signed by BRANKO STANOJKOVSKI Date: 2024.04.23 09:02:54 +02'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник,**
**Драган Анастасов**

Dragan Anastasov Digitally signed by Dragan Anastasov Date: 2024.04.23 13:01:19 +02'00'